ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден 04.04.2016 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни** : Градоначалник **Арсенчо Алексовски**, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Добривој Николовски** Раководител на одделение за финансиски прашања **Татјана Ѓеоргиевска**, Раководител на одделение за општи и правни работи **Јаготка Николовска,** Раководител на одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Директор на ЈП Комуналец **Томе Тодоровски** Директор на ЛУ Градски Музеј **Драган Величковски**, Советник **Игор Додевски**, Советник **Коста Пеевски**, Советник **Кире Велески** Виш Соработник **Биљана Тасевска** .

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

**ЗАКЛУЧОЦИ**

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

**Пренесено од претходниот колегиум**

Да се види за потпишување на договорите од страна на Министерот за финансии и Градоначалникот и да се водат постапките и активностите за проектите Конопница – А2, Ацо Шопов и Деловотци –Кула –Црква. Никола Граматиков 04.04.2016

Во врска со мостот во Мезовски ливади да се направи план и динамика за работа. Никола Граматиков 4.4.2016

За пазарската патека да се направи издвојувње на дел од проектот за уредување на речното корито и спецификација за јавна набавка. Никола Граматиков и Добривој Николовски 4.4.2016

Известување дека е нарачан елаборат за проектот за спојување на лев и десен колектор и пречистителна станица. Да се нарача проект за инфраструктура и друга потребна документација. Никола Граматиков. пренесено од колегиум 1.2.2016

Да се контактира со изготвувачот на проектот за водовод, канализација, како и за патот во Мезовски Ливади. Никола Граматиков пренесено од претходниот колегиум

Континуирано да се даваат известувања во врска со чистење на речните корита. Александар Ангелов

Континуирано Да се даваат известувања за Повеќенаменско игралиште. Никола Граматиков.

Сите нарачани проекти, елаборати и други документи при приемот да се разгледаат и по потреба да се интервенира за нивна корекција Никола Граматиков Континуирано

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Да се определат слободни површини за урбана опрема 4.4.2016

Да се направи усогласување со Агенцијата за катастар за катастарските подлоги. Добривој Николовски 4.4.2016

За мандрата – викенд населба известување дека е добиена согласност за земјиштето.

За викенд населбата во м.в. Бари да се излезе на терен за обезбедување на потребните податоци

Во врска со проектот за Бабин дол да се инервенира за побрзо издавање на водостопанска дозвола.

Од страна на ЈП Комуналец, Одделение за урбанизам и одделение за комунална инфраструктура да се даде предлог за изградба на пат околу гробиштата.

Да се види за урбанистички план за централното градско подрачје за предвидување на училишна спортска сала за ОУ Ј. Крчовски, како и да се види за Салата кај мотелот Македонија.

Да се обезбеди водостопанска дозвола за проектот Бабин Дол по потреба да се оствари состанок со Министерството. Добривој Николовски 14.3.2016

При изведување на проектите за канализација да се контролира работата на терен. 14.3.2016 Добривој Николовски и Никола Граматиков

Да се водат постапки за издавање на одобренија за градба на проектите со кои ќе се аплицира и да се информира Градоначалникот за состојбата. Добривој Николовски и Никола Граматиков. Континуирано.

Да се води постапката за одобрение за градба за капелата Добривој Николовски и Томе Тодоровски пренесено од претходниот колегиум

**Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:**

Да се направи согледување и да се спроведе постапка за набавка на полици за архивата. Да се види за поставување на витрини во холот на општината. Јаготка Николовска во координација со сите раководители. 14.3.2016

Да се информира Градоначалникот за текот на постапката за експропријација за локалниот пат во с. Трново. ЈаготкаНиколовска и Валентина Димитровска 4.4.2016

Да се направи согледување на слободни простории сопственост на општината и начин на нивно давање под закуп. Јагода Николовска 28.3.2016

Да се објави конкурс за идејно решение за плоштадот ВМРО во дневен печат и до здруженија од соодветната област. Биљана Тасевска 4.4.2016

**Одделение за инспекциски надзор**

Да се оствари состанок со поставувачите на Билборди. 4 .4.2016

Да се направи согледување на состојбата и да се повика населението во врска со преземање на водоводи и канализации и да се утврди чија сопственост се дали се предадени во сопствености или се дадени на користење. Бранко Велиновски и ЈП Комуналец. пренесено од колегиум 15.2.2016

**Одделение за финансиски прашања**

**Пренесено од претходниот колегиум**

Во соработка со одделението за урбанизам да се даде предлог до Градоначалникот за издавање на слободни површини за изнајмување. Татјана Ѓеоргиевска 4.4.2016

Да се види за распоредување на комуналните трошоци за користење на просториите со останатите институции во општината. Да се соберат сите потребни податоци да се даде предлог решение и да се повикаат корисниците на простории во општината. Да се даде известување до институциите да се поднесат барања за издвојување и поставување на сопствени електрични броила Татјана Ѓоргиевска и Јаготка Николовска.пренесено од претходниот колегиум

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Да се аплицира преку Агенцијата за финансиска подршка на земјоделието и руралниот развој со проектот за патот во с. Трново. Елаборатот да се достави за спроведување на постапка за експропријација. Душко Арсовски, Никола Граматиков пренесено од колегиум 04.04.2015

Да се разгледаат проектите за енергетска ефикасност за 9-те објекти на јавните установи и доколку е потребно да се извршат потребните активности за да може да се аплицира со истите. Душко Арсовски, Никола Граматиков и Антонио Давитковски пренесено од колегиум 1.2.2016

Да се информира градоначалникот дали се објавени повици за аплицирање со проекти. 28.3.2016

**ЈП КОМУНАЛЕЦ**

**Пренесено од претходниот колегиум**

По завршување на работата во Дивјанска Маала со машина и работници, скипот да се испрати во с. Нерав по претходно извршен увид и направен план за работа Томе Тодоровски, Никола Граматиков. 04.04.2016

За изградба на водоводот Висока Зона Лев Брег да се направи согледување од страна на инженери, надзорен инженер и ЈП Комунлаец за мостовско решение за дел од трасата на водоводот. Томе Тодоровски, Никола Граматиков. 04.04.2016

Да се продолжи со постапката за добивање на одобрение за капелата. Томе Тодоровски и Добривој Николовски 23.2.2016

**ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ**

Да се изготви предмер / скица за резервоар за водоснабдување на училиштето во с. Градец и да се подготви апликација за обезбедување на средства за изградба. Томе Тодоровски, Стевче Христовски, Александар Ангелов и Драган Величковски. Пренесено од колегиум 23.2.2016

Изготвил И. Додевски

Крива Паланка 4.4.2016 година